Consumer Law READY

Consumer Law Training
for European SMEs



# Модул 7

## Општа безбедност на производите

Funded by
the European Union

consumerlawready.eu

## ИЗЈАВА ЗА ОДГОВОРНОСТ

Информациите и ставовите изнесени во оваа публикација се на авторот(ите) и не мора нужно да го одразуваат официјалното мислење на Европската комисија. Комисијата не ја гарантира точноста, целосноста или ажурноста на податоците содржани во оваа публикација. Ниту Европската комисија, ниту кое било лице што дејствува во нејзино име, не можат да бидат одговорни за каква било употреба на информациите содржани во овој документ.

Овој документ нема правно обврзувачки карактер и не претставува формална интерпретација на правото на Европската унија или на националното законодавство, ниту пак обезбедува сеопфатен или целосен правен совет. Неговата содржина нема за цел да го замени професионалниот правен совет за конкретни прашања.

Читателите треба да имаат предвид дека законодавството на Европската унија и националното законодавство постојано се ажурираат и дополнуваат. Поради тоа, секоја печатена верзија на модулите треба да се провери со можните ажурирања објавени на веб-страницата:www.consumerlawready.eu

**Февруари 2026**

# Содржина

I. Вовед....6

II. Вовед во GPSR ....8

1. Зошто беше воведен GPSR?....8

2. Што е GPSR?....8

3. Што е покриено со GPSR? ....8

III. Клучни принципи на GPSR....9

1. Кои се општите безбедносни барања?....9

2. Кој е пристапот кон ризикот? ....10

3. Како следливоста и транспарентноста ја поддржуваатусогласеност?....10

IV. Барања за безбедност на производот....10

1. Како треба да се изврши проценката на ризикот? ....10

2. Како треба да се земат во предвид ранливите потрошувачи? ....11

3. Што е со новите ризици како што се вештачката интелигенција и сајбер безбедноста? ....12

4. Дали претпоставката за сообразност може да обезбеди почитување на регулативата? ....12

5. Дали истото важи и за хармонизирани закони?....13

6. Чекор по чекор проценка на ризикот....14

V. Обврски на економските оператори....14

1. Кои се обврските на производителите?....14

2. Кои се обврските на овластените претставници? ....15

3. Кои се обврските на увозниците?....16

4. Кои се обврските на дистрибутерите?....17

VI. Следливост и етикетирање ....19

1. Која е уникатната идентификација на производот? ....19

2. Контакт информации за економските оператори ........ 19

3. Кои се барањата за чување документација? ........ 20

VII. Надзор на пазарот и усогласеност ........ 21

1. Која е улогата на националните власти? ........ 21

2. Што е "Безбедносната порта- SafetyGate"? ........ 22

3. Дали постои обврска за соработка со националните власти? ........ 23

VIII. Корективни мерки и повлекувања на производи ........ 23

1. Кога е потребно повлекување на производот? ........ 23

2. Кои чекори треба да се преземат ако производот претставува ризик? ........ 24

X. Поддршка и ресурси ........ 27

XI. Компактен преглед на барањата за следливост ........ 28

XII. Студија на случај: Усогласеност со безбедноста на производот во пракса ........ 29

Анекс 1 - Шаблон за известување за повлекување од Европската комисија ........ 32

Анекс 2 - Контролна листа за повлекување на производ ........ 34

Анекс 3 – Пример за етикета ........ 35

"Како мал производител, приоритет ставаме на безбедноста на производот и ги научивме правните очекувања во Европа со GPSR – дека довербата е клучна."

**Бизнис**

"Кога купувам производи, очекувам да бидат безбедни, без разлика каде се произведени или купени. Ми дава поголема самодоверба знаејќи дека постојат правила во ЕУ кои нè штитат."

**Потрошувач**

"Продаваме стотици различни производи од различни добавувачи. GPSR обезбедува јасна рамка за проверка на безбедноста на производот."

**Бизнис**

# I. Вовед

Почитуван претприемачу,

Овој прирачник е дел од проектот Consumer Law Ready, наменет специјално за микро, мали и средни претпијатија (МСП) кои комуницираат со потрошувачите.

Проектот Consumer Law Ready е проект на европско ниво, управуван од EUROCHAMBRES (Здружението на Европските трговско-индустриски комори), во конзорциум со BEUC (Европската организација на потрошувачи) и SMEunited (Гласот на МСП во Европа). Финансиран е од Европската унија, со поддршка од Европската Комисија.

Целта на проектот е да ви помогне да ги исполните барањата на ЕУ во однос на правото на потрошувачи. Правото на потрошувачи на ЕУ се состои од различни закони усвоени од Европската унија во последните 25години и транспонирани од секоја земја членка на ЕУ во своето национално законодавство. Во 2017 година, Европската Комисија спроведе евалуација за да провери дали правилата сѐ уште се соодветни за намената. Главниот наод беше дека постојните правила треба подобро да се спроведуваат од страна на властите и дабидат подобро познати за бизнисите и потрошувачите.

Проектот Consumer Law Ready има за цел да го подобри знаењето на трговците, особено на микро, мали и средни компании (МСП), за правата на потрошувачите и нивните соодветни правни обврски.

Прирачникот се состои од седум модули. Секој од нив обработува една конкретна тема од правото напотрошувачи на ЕУ:

- Модул 1 се однесува на правото на потрошувачот да добие преддоговорни информации
- Модул 2 ги претставува правата на потрошувачот да се повлече од договорот на далечина и договорот вон деловните простории на трговецот
- Модул 3 се фокусира на правната заштита што трговецот мора да ја обезбеди кога производите не се во согласност со договорот
- Модул 4 се однесува на нечесната трговска практика и нечесните договорни одредби
- Модул 5 се фокусира алтернативно решавање спорови за потрошувачи (ADR)
- Модул 6 ги претставува главните информации што претприемачите треба да ги знаат кога користат платформи за продажба на своите стоки и услуги
- Модул 7 ја воведува темата за безбедност на производите (2026)

Овој прирачник е само еден од материјалите за учење создадени во рамките на проектот Consumer Law Ready. Веб-страницата consumerlawready.eu содржи и други алатки за учење, како видеа, квизови и е-тест; преку кој

можете да добиете сертификат. Можете исто така да се поврзете со експерти и други претставници на мали и средни претпријатија преку форумот.

Модул 7 се фокусира на еден од најзначајните неодамнешни развои во правото на потрошувачи на ЕУ: Општата регулатива за безбедност на производите (GPSR[1]), која важи од 13 декември 2024 година. Оваа регулатива директно влијае на бизнисите. Без разлика дали продавате онлајн или во физичка продавница и дали вашите производи се нови или веќе користени, GPSR поставува правила за да се осигура дека сѐ што нудите е безбедно за вашите клиенти.

GPSR ги одразува реалностите на брзите промени на пазарот. Како што паметните технологии, дигиталните производи и прекуграничната е-трговија стануваат сѐ попопуларни, ризиците за безбедноста на производите стануваат покомплексни, а со GPSRистото се регулира. Воведува построги обврски за сите економски оператори, вклучувајќи ги и онлајн пазарите. Ова вклучува спроведување внатрешни проценки на ризик, одржување на ажурирана техничка документација, навремено пријавување на несреќи и подобрување на процедурите за повлекување на производи и безбедносни предупредувања. GPSR исто така им овозможува поголеми права на потрошувачите кога се појавуваат безбедносни прашања.

Сепак, GPSR не е само услов за усогласеност, туку и можност. Со вклучување на безбедноста во вашите деловни практики, можете да ги минимизирате ризиците, да избегнете скапи постапки и да ја зголемите довербата на клиентите.

За подобро разбирање на законските одредби, ве охрабруваме да ги консултирате **официјалните упатства на Европската комисија за GPSR**, кои се достапни на сите јазици на ЕУ.

Преку овој модул, ќе се запознаете со GPSR и ќе откриете како се применува во вашиот бизнис. Се надеваме дека, со помош на овој прирачник, ќе можете со сигурност да се снајдете во разновидните барања во однос на безбедноста на производите и да ги претворите законските барања во практични придобивки.

Тимот за проект Consumer Law Ready

[1] За целиот текст: Регулатива - 2023/988 - EN - EUR-Lex

# II. Вовед во GPSR

## 1. Зошто беше воведен GPSR?

Една од главните причини за воведувањето на GPSR беше појавата на нови технологии и растот на онлајн трговијата. Регулативата е прилагодена на зголемената дигитализација на производите и итната потреба од ажурирани поврзани правила. Основната цел на GPSR е да осигура дека само безбедни производи се продаваат на потрошувачите на внатрешниот пазар, без оглед на нивното потекло или без оглед на тоа дали се продаваат онлајн или офлајн. GPSR служи како безбедносна мрежа за производи кои не се опфатени со специфичното законодавство за хармонизација на ЕУ. Понатаму, регулативата има за цел да одржи високо ниво на заштита на потрошувачите и да го подобри функционирањето на внатрешниот пазар.

## 2. Што е GPSR?

GPSR претставува значајна реформа на законодавството за безбедност на производите на ЕУ по повеќе од две децении. Стапи на сила на 12 јуни 2023 година и се применува на потрошувачки производи (B2C - Business-to-Consumer) низ ЕУ од 13 декември 2024 година. Таа ја укина и замени претходната [Директива за општа безбедност на производите](#)

Северна Македонија има усвоено нов Закон за општа безбеност на производите во 2020 година (каде е транспонирана Директивата за општа безбедност на производите)[2]. Истовремено РСМ го усвои и Законот за техничките барања за производите и оценката за сообразност. [3]

Новата регулатива за ошта безбедност на производите не е транспонирана во законодавството на РСМ.



## 3. Што е покриено со GPSR?

GPSR генерално се применува на B2C производи што се продаваат во ЕУ, без разлика на нивното потекло или продажен канал. GPSR служи како "**безбедносна мрежа за потрошувачите**". Ова значи дека ги опфаќа прашањата за безбедност на производите и ризиците **кои не се опфатени со други специфични законодавства на ЕУ**. Нејзинатацел е да ги пополни сите правни празнини и да го надополни постоечкото или идното секторско законодавство на ЕУ, со што ќе се обезбеди широк, хоризонтален законодавен рамковен систем за безбедност на потрошувачките производи. Ова помага да се избегнат преклопувања, и притоасе гарантира јасна правна рамка. Во суштина, GPSRсе осврнува на прашањата кои поспецифичните правила за безбедност на производите на ЕУ можеби

[2]Со овој закон се врши усогласување со Директива 2001/95/ ЕЗ за општа безбедност на производите, CELEX број 32001L0095 и со Директивата на 87/357/ЕЕЗ за усогласување на законите на земјите членки која се однесува на производи кои како поинакви од оние што треба да ги претставуваат, го загрозуваат здравјето и безбедноста на потрошувачите, CELEX број 31987L0357.

[3]Службен весник:**274/2022** од 20.12.2022,Со овој закон се врши усогласување со: 1) Одлука 768/2008/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 9 јули 2008 година за заедничка рамка за пласман на производи и за укинување на Одлуката 93/465/ЕЕЗ на Советот, CELEX број 32008D0768 и 2) Регулатива (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ (eIDAS), CELEX број 32014R0910.

ги пропуштаат, со што се обезбедува високо ниво на заштита на потрошувачите.

**Пример:** Шпански онлајн продавач нуди мирисен дифузер произведен во Кина. Производот се поврзува на Wi-Fi и може да се контролира преку мобилна апликација. Бидејќи работи на низок напон и не пренесува податоци надворешно, не е покриена со ниту едно специфично законодавство за хармонизација на ЕУ. Сепак, се појави безбедносна загриженост: ажурирање на софтверот предизвика прегревање на уредот во одредени случаи, што претставува ризик од пожар. Иако овој дифузер не е целосно регулиран со постоечкото хармонизирано законодавство на ЕУ, сепак претставува сериозен ризик за потрошувачите, правна празнина која GPSR има за цел да ја затвори. Широкиот опсег на регулативата, пристапот кон управување со ризик, обврските за следливост и дигиталните алатки за спроведување, обезбедуваат ниту еден производ да не биде игнориран.

Конкретно, GPSR се однесува на потрошувачки производи. Ова вклучува секој предмет, без разлика дали е поврзан со други предмети или не, кој е обезбеден или достапен, без разлика дали е продаден, подарен или обезбеден како дел од услуга. Производот се смета за таков ако е наменет за потрошувачите, или ако е разумно предвидливо дека потрошувачите ќе го користат, дури и ако не е специјално дизајниран за нив. Регулативата експлицитно ги опфаќа новите, користените, поправените или преработените производи. Постојат одредени исклучоци за производи кои потрошувачите не би очекувале разумно да ги исполнуваат тековните безбедносни стандарди, како што се историските колекционерски предмети.

**Примери на производи што се предмет на GPSR:** нов апарат за домаќинство продаден во продавница; користен велосипед кој се продава онлајн; поправан смартфон продаван од мал трговец или бесплатен промотивен USB стик даден на клиентите. **GPSR генерално не се применува на:**

- Човечки и ветеринарни лекови
- Храна и храна за животни
- Живи растенија и животни
- Животински производи и преработени производи
- Производи за заштита на растенија
- Транспортни возила
- Антиквитети или колекционерски предмети од историско значење каде што потрошувачите не можат разумно да очекуваат да ги исполнуваат тековните безбедносни стандарди
- Производи кои е потребно да се поправат , под услов да бидат јасно означени како такви пред да бидат ставени на пазарот

# III. Клучни принципи на GPSR

## 1. Кои се општите безбедносни барања?

Општото барање за безбедност е основен принцип на GPSR. Во неа се наведува дека економските оператори мораат да пласираат безбедни производи на пазарот. Главната цел на GPSR, а со тоа и на ова барање, е да се обезбеди безбедноста на сите потрошувачки производи на пазарот на ЕУ. Општото барање за безбедност има за цел да го подобри функционирањето на внатрешниот пазар, додека обезбедува високо ниво на заштита на потрошувачите. Тоа е најважниот услов за GPSR.

Според GPSR, "**безбедно**" главно значи дека на пазарот треба да се пласираат само производи кои претставуваат минимален ризик и се компатибилни со високото ниво на заштита на здравјето и безбедноста на потрошувачите.

Поточно, **"безбеден производ"** се дефинира како секој производ што не претставува ризик за потрошувачите, или претставува само минимален ризик што се смета за прифатлив, под нормални или разумно предвидливи услови на употреба (вклучувајќи го и очекуваното времетраење на употреба).

**Пример:** Рачно изработена свеќа која гори без да испушти штетни супстанци, се смета за безбеден производ.

### 2. Кој е пристапот кон ризикот?

GPSR воведува **проактивен пристап кон безбедноста на производите и управувањето со ризикот** за производи наменети за потрошувачит ена пазарот на ЕУ. Ова е во спротивност со чисто реактивниот пристап, бидејќи ја нагласува важноста од преземање мерки пред да се случи штета или да стане широко распространета.

### 3. Како следливоста и транспарентноста ја поддржуваат усогласеноста?

За да се обезбеди безбедност, информациите за производите и лесниот пристап до овие информации се клучни. Според GPSR, **транспарентноста** подразбира јасни, достапни и разбирливи основни информации за безбедност на производите за потрошувачите и властите.

**Следливоста** обезбедува дека производите можат да се следат низ целиот синџир на снабдување, олеснувајќи идентификација на опасни стоки и овозможувајќи брзи корективни мерки, како повлекувања на производите.

Поглавје XI дава преглед што значи ова за малите и средни претпријатија.

## IV. Барања за безбедност на производот

### 1. Како треба да се изврши проценката на ризикот?

Проценката на ризикот на производот се базира на неколку критериуми за евалуација кои одредуваат дали може да претставува опасност:

- **Карактеристики на производот**: Ова ги опфаќа составот на производот, пакувањето, инструкциите за монтажа, инсталација, одржување и очекуваниот животен век на производот.

  **Примери**: Материјал, големина на пакувањето, дали се загрева, се движи или се поврзува на интернет, итн.
- **Влијание врз други производи:** Ако се очекува заедничка употреба со други производи, како треба да се разгледа нивната взаемна интеракција.
- **Презентација на производот:** Ова вклучува етикетирање, предупредувања, инструкции за употреба и работа, информации за отстранување и сите други податоци поврзани со производот.
- **Кориснички групи:** Ранливите кориснички групи, како деца или постари лица, мора да добијат посебно внимание. Повеќе информации во секција IV.2.
- **Карактеристики за сајбер безбедност:** Ако природата на производот го бара тоа, мора да се интегрираат соодветни сајбер безбедносни функции за да се заштити од надворешни влијанија, вклучувајќи злонамерни, ако тие можат да влијаат на безбедноста на производот.

Кога станува збор за дигитални производи, можете едноставно да се запрашате: Дали мојот производ е заштитен од хакирање или други опасни пречки?

- **Еволуција, учење и функции кои што можат да се предвидат:** Ова се карактеристики каде што однесувањето на производот се менува во зависност од начинот на употреба, како паметно светло што автоматски се прилагодува со текот на времето. Овие функции мора да се земат предвид ако природата на производот го бара тоа.
- Производите мора да бидат придружени со јасни, лесни за разбирање **инструкции и информации за безбедност** на јазикот што го специфицира државата членка на која производот е достапен.

Ова барање не важи ако производот може безбедно да се користи без такви инструкции и безбедносни информации.

Размислете кој ќе го користи вашиот производ, како ќе го користи и дали може да предизвика штета при нормална и предвидлива употреба. Водете документација која покажува дека овие фактори сте ги земале предвид пред производот да биде пуштен во продажба.

На пример, доколку продавате паметен часовник кој бара редовни ажурирања, потребно е да ја разгледате сајбер безбедноста. Слично, ако продавате свеќа во кршливо стаклено пакување, треба да ја тестирате отпорноста на топлина и да обезбедите правилно означување.

## 2. Како треба да се земат предвид ранливите потрошувачи?

Економските оператори, особено производителите, мора да ги земат предвид ранливите групи како деца, постари лица и лица со попреченост при дизајнирање и пласирање на производите. Производите наменети за нив треба да исполнуваат високи стандарди на безбедност и да подлежат на посебно внимание.

Наведеното подолу е она што е потребно за ранливите потрошувачи:

**Размислувања за проценка на безбедноста**:

- При проценка на безбедноста на производот, економските оператори мора конкретно да ги земат **предвид категориите на потрошувачи кои се повеќе изложени на ризик, како што се деца, постари лица и лица со попреченост**.
- Потребно е да се испита како родово специфичните разлики влијаат врз здравјето и безбедноста при користење на производот.
- Проценката на безбедноста на сите производи треба да ја земе предвид и нивната **достапност за лицата со попреченост**.
- Ова вклучува разгледување на дизајнот на производот, техничките карактеристики, составот, пакувањето, инструкциите и намената или разумно предвидливата употреба, како и неговата интеракција со други производи, изгледот, етикетирањето, предупредувањата и упатствата за безбедна употреба и отстранување.

**Јасни и достапни информации**:

- Производителите мора да обезбедат **јасни насоки и информации за безбедност** на производот на јазик кој е лесно разбирлив за потрошувачите во земјата членка каде што производот е ставен на пазарот. Ова барање не важи ако производот може безбедно да се користи без такви инструкции.
- Во онлајн понудите, економските оператори мора да обезбедат **јасни и лесно видливи информации**, вклучувајќи детали за произво-

дителот, идентификација на производот и **сите предупредувања или безбедносни** информации кои обично го придружуваат производот. Овие информации исто така мора да бидат на јазик лесно разбирлив за потрошувачите.

- Известувањата за повлекување и безбедносните предупредувања што се дистрибуираат преку различни канали мора да бидат **достапни за лицата со попреченост**.

## 3. Што е со новите ризици како што се вештачката интелигенција и сајбер безбедноста?

Повеќето МСП мора сеопфатно да ги земат предвид новите и идните/развојните ризици, како што се **сајбер безбедноста** и **вештачката интелигенција (AI** ).

Ако продавате поврзани уреди, треба да овозможите тие да не претставуваат ризик ниту при продажбата, ниту при користењето, вклучително и при софтверски или безбедносни ажурирања, во текот на целиот животен век на производот.

**Следните аспекти се релевантни:**

- Внатрешна анализа на ризик и техничка документација, како што беше споменато претходно.
- **Проширени критериуми за проценка на безбедност**: GPSR ги проширува и заострува критериумите за проценка на безбедноста на производот. Конкретно, треба да се земат предвид **соодветните карактеристики за сајбер безбедност**: мора да се потврди дека производот ги има потребните функции за сајбер безбедност за заштита од надворешни влијанија, вклучувајќи злонамерни трети страни, во случаи кога таквите влијанија можат да влијаат на безбедноста на производот.
- Функции што се развиваат, учат и предвидуваат. Ако природата на производот го бара тоа, неговите функции мора да се вклучат во проценката на безбедноста. Ова вклучува и интеракции со други производи, ако нивната заедничка употреба е разумно предвидлива.
- **Дигитални компоненти и ажурирања на софтверот**:

Со зголемената дигитализација на производите, доколку софтверските ажурирања значително го менуваат однесувањето или својствата на производот, можеби ќе биде потребна нова проценка на ризикот. Националните власти можат да интервенираат ако овие промени создаваат нови ризици

GPSR исто така гарантира дека регулативите за производи се справуваат со предизвиците што ги носат дигиталните производи и новите технологии, обезбедувајќи сеопфатно ниво на заштита за сите потрошувачи на ЕУ.



## 4. Дали претпоставката за сообразност може да обезбеди почитување на регулативата?

**Претпоставката за сообразност** го поддржува општото барање за безбедност. Се претпоставува дека производот го исполнува ова барање ако се придржува до релевантните европски хармонизирани стандарди, каде што референците на нив се објавени во Официјалниот весник на ЕУ (OJEU).

Оваа претпоставка се однесува само на ризиците покриени со овие стандарди. Треба да се спроведе целосна проценка на ризикот за сите други ризици кои не се покриени.

Постоечките европски стандарди и детални информации може да се најдат во европските комитети за стандардизација CEN и CENELEC или националните тела за стандардизација. Понатаму, Европската комисија редовно објавува листа на референци на стандарди кои се објавени на веб-страницата на OJEU.

Сепак, производителите мора да гарантираат дека нивните производи се дизајнирани и произведени во согласност со општите безбедносни барања. Ова е затоа што **претпоставката за сообразност се однесува само на ризиците и аспектите утврдени во релевантните стандарди**. GPSR делува како безбедносна мрежа за сè друго. При подготовка на техничката документација, производителите мора да вклучат листа на сите европски стандарди што ги користеле за да ја побараат претпоставката за усогласеност. Важно е да се напомене дека претпоставката за сообразност не е апсолутна; Фактот што производот се претпоставува дека е усогласен не ги спречува надлежните органи за надзор на пазарот да преземат соодветни мерки ако имаат докази дека производот е опасен. Во пракса, почитувањето на стандардите го олеснува докажувањето на усогласеност со општото безбедносно барање, но не ја отстранува одговорноста да се пласираат само безбедни производи на пазарот.

## 5. Дали истото важи и за хармонизирани закони?

"Хармонизиран" во овој контекст се однесува на законодавството на ЕУ кое утврдува заеднички правила за пласирање производи на пазарот. Овие правила се наведени во Анекс I на Регулатива (ЕУ) 2019/1020, како и во друго законодавство опфатено со оваа регулатива.

GPSR главно ги таргетира "нехармонизираните производи" кои се потрошувачки производи за кои нема специфични закони за хармонизација на ЕУ (на пр.машини). Сепак, некои нови одредби од GPSR се применуваат на хармонизирани производи или се применуваат дополнително, за да покријат аспекти и ризици кои веќе не се регулирани со специфични директиви или регулативи за хармонизација. Општото правило е дека постоечките регулативи на ЕУ за хармонизирани производи (како што се Директивата за низок напон, Директивата за радио опрема или Директивата за машини) остануваат во сила.

Во овој контекст, GPSR делува како "безбедносна мрежа", стапувајќи на сила кога не постои специфично законодавство за хармонизација на ЕУ или не покрива одредени ризици или категории ризици.

**Теза за пополнување празнини**: GPSR ги пополнува празнините во законодавството за хармонизација каде што недостасуваат специфични барања, како што се обврски на одредени производители, увозници или добавувачи, поврзани со безбедноста на материјалите. На пример, ако Директивата за машини (Machinery Directive) нема специфични барања за увозникот или дистрибутерот, одредбите на GPSR би се применувале за да ги пополнат овие празнини.

## 6. Чекор по чекор проценка на ризикот

Оваа проценка на ризикот се базира на упатствата на GPSR и претставува неисцрпна листа на елементи што треба да се земат предвид при проценка на ризикот на производот:

- Кои се карактеристиките на производот? На пример, дизајн, технички карактеристики, состав, пакување и инструкции.
- Ако производот е наменет за употреба заедно со други производи, мора да се направи анализа на неговите ефекти врз нив и обратно.

**Пример:** Паметен домашен термостат кој се контролира преку апликација за паметен телефон. Треба да ги анализирате ефектите на термостатот врз апликацијата и ефектите на апликацијата врз термостатот. Безбедносните карактеристики треба да се земат во предвид.

- Разгледајте како ќе го промовирате производот и кои безбедносни информации, етикети, предупредувања и инструкции за безбедна употреба и отстранување треба да се стават на самиот производ или на неговото пакување

**Пример:** Известување на производот дека овој производ не е погоден за деца под 3 години поради опасност од гушење.

- Разгледајте кои групи потрошувачи можат да го користат производот и какви потенцијални ризици може да има за нив. Особено внимание обрнете на ранливите групи (види Секција IV.2).
- Разгледајте го дизајнот на производот, особено дали неговиот изглед може да предизвика конфузија. Исто така, проценете дали производот, дури и ако не е наменет за деца, може да привлече нивно внимание и да биде користен од нив

**Пример:** Сапун во форма на чоколадо што може да измами (ранлив) потрошувач да мисли дека е јадлив и да проба од истиот. Понатаму, осветлен ароматичен дифузер не е наменет за користење од деца, но неговите трепкави светла и пријатен мирис можат да ги привлечат децата.

- Во зависност од производот, може да треба да се земат предвид карактеристики за сајбер безбедност, како што е објаснето во Секција IV.3.
- Проверете дали сите ризици поврзани со производот имаат корист од претпоставката за усогласеност (види Секција IV.4). Ако не, други релевантни меѓународни, европски или национални стандарди; Препораки на Комисијата; состојбата на уметноста и технологијата; кодекси за безбедност на производот за добра практика; и безбедносните барања усвоени од Комисијата треба да се земат предвид. Исто така, треба да се земат предвид разумните очекувања на потрошувачите во однос на безбедноста.

# V. Обврски на економските оператори

## 1. Кои се обврските на производителите?

Производител е физичко или правно лице кое произведува производ, или го има дизајнирано и произведено, и го пласира под своето име или бренд.

**Пример:** Мала работилница за мебел која произведува маси и ги продава под свој бренд е производител.



Клучните обврски за производителите според GPSR се следниве:

- Општи безбедносни барања (види секција III.1).
- Анализа на ризик и техничка документација (види поглавје IV).
- **Внатрешни процедури за обезбедување усогласеност на сериските производи:** Производителите мора да спроведат соодветни внатрешни процедури за да обезбедат континуирана усогласеност на масовно произведените производи со општите безбедносни барања. Дизајнот на овие процедури зависи од конкретниот случај. Може да се базира на организациски процедури, насоки, стандарди или назначување на adhoc администратор.
- **Прикачување на идентификациските информации за производителот на производот.**
- **Обезбедување јасни инструкции и безбедносни информации (информации за корисникот).**

  **Управување со жалби:** Како производител, сте обврзани да воспоставите механизам за жалби преку јавно достапни комуникациски канали (на пр. телефон, електронска адреса или посебен веб-сајт). Потрошувачите мора да можат да поднесат поплаки и да пријаваат информации за несреќи или безбедносни прашања преку овие канали. Производителите исто така треба да постапат по пристигнатите поплаки и да водат евиденција за нив, како и за повлекувања на производи и корективни мерки.
- **Обврски за пријавување на несреќи**: Видете Секција VIII.1 за детали.
- **Мерки за опасни производи**: Видете го Поглавје VIII за детални процедури за повлекување.

## 2. Кои се обврските на овластените претставници?

Овластен претставник е физичко или правно лице кое е основано во рамките на ЕУ и добило писмена наредба од производител надвор од ЕУ да дејствува во нивно име во однос на обврските за усогласеност. Оваа улога е особено важна за производителите надвор од ЕУ, бидејќи обезбедува да се воспостави одговорна институција за безбедност на производите во рамките на ЕУ.

**Пример:** Бренд кој е надвор од ЕУ,ној продава во ЕУ, може да назначи консултантска фирма во Шпанија како овластен претставник за да се справи со потребната регулаторна документација.

Клучните обврски се:

- Исполнување на обврските на производителот.
- Соработка со органите за надзор на пазарот.

  Обврски за информации: Ако овластен претставник има причина да верува дека производот претставува опасност, мора да го информира производителот. Тие исто така мора да ги информираат надлежните органи за сите корективни мерки преземени за намалување на ри-

зиците, вклучувајќи известувања преку Safety-Business-Gateway.

## 3. Кои се обврските на увозниците?

Увозник се дефинира како секое физичко или правно лице со седиште во ЕУ кое носи производ од земја надвор од ЕУ на пазарот на ЕУ.

**Пример:** Продавница во Италија која нарачува кујнски прибор директно од Виетнам и го продава локално би се сметала за увозник.



*Како увозник, ги имате следниве обврски:*

**А. Верификациска должност (пред да се стави на пазарот):**

- Увозникот мора да гарантира дека производот ги исполнува општите безбедносни барања.
- Увозникот мора проактивно да провери дека производителот ги исполнил своите обврски според GPSR пред да го пласира производот на пазарот. Ова подразбира активен процес на верификација за да се осигура дека производителот спровел внатрешна анализа на ризик и ја подготвил потребната техничка документација.
- Како увозник, генерално не сте обврзани да спроведувате сопствени проценки на ризик, туку мора да проверите дали се достапни потребните информации од производителот.
- Проверете дали производот носи тип, серија, сериски број или друг идентификатор.
- Исто така, мора да проверите дали името на производителот, регистрираното трговско име или трговска марка, поштенската адреса и електронската адреса се наведени на производот, пакувањето или придружниот документ, и дека овие информации не се скриени.

**Забрана за пазарно пласирање во случај на несообразност:**

- Ако постојат причини да се верува дека производот не ги исполнува општите безбедносни барања или е опасен, производот не смее да се стави на пазарот.
  Во такви случаи, увозникот мора без непотребно одложување да го информира производителот и органите за надзор на пазарот преку [Safety-Business-Gateway](Safety-Business-Gateway) .

**Б. Прикачете информации за увозникот.**

**В. Инструкции и информации за безбедност.**

**Г. Услови за складирање и транспорт:**

- Увозниците се одговорни да гарантираат дека условите за складирање и транспорт не ја загрозуваат безбедноста на производот.

**Д. Задржување на техничка документација:**

- Увозниците мора да чуваат копија од техничката документација на производителот во период од десет години од датумот кога производот е ставен на пазарот. Оваа документација мора да биде достапна на органите за надзор на пазарот по барање.

**Е. Соработка и корективни мерки:**

- Увозниците мора да соработуваат со органите за надзор на пазарот и со производителот за да ја обезбедат безбедноста на производот.
- Ако увозникот утврди дека производот е опасен, мора да го информира производителот и да преземе потребни корективни мерки. Целосни детали за овие мерки може да се најдат во поглавје VIII.

**Ж. Комуникациски канали и управување со жалби:**

- Увозниците мора да проверат дека производителот воспоставил јавно достапни комуникациски канали (на пр. телефонски број, електронска адреса или веб-страница) преку кои потрошувачите можат да поднесат жалби и да пријавуваат несреќи или безбедносни проблеми поврзани со производот.
- Тие исто така мора да водат внатрешен регистар на поплаки, повлекувања на производи и корективни мерки, испраќајки ги резултатите до производителот, дистрибутерите и онлајн пазарите.

**З. Пријавување на несреќи:**

- Увозникот и дистрибутерите имаат обврска за пријавување на несреќа кон производителот. Ова му овозможува на производителот да ги исполни своите обврски за известување во врска со квалификувани несреќи. Повеќе детали може да се најдат во дел VIII.1.

**И. Директни повлекувања на информации за потрошувачи/предупредувања за безбедност:**

- Погледнете го Поглавје VIII за детални процедури за повлекување.

## 4. Кои се обврските на дистрибутерите?

Дистрибутер е физичко или правно лице во синџирот на снабдување, кое не е производител или увозник, и кое го прави производот достапен на пазарот. Дистрибутерите обично купуваат производи од производители или увозници, а потоа ги препродаваат на големо или директно на потрошувачите.

**Пример:** Локален трговец кој купува играчки од увозник во ЕУ и ги продава во нивната продавница е дистрибутер.

Клучните обврски на дистрибутерите се следниве:

- **Верификациска давачка (пред да се стави на пазарот):** Пред да го направи производот достапен на пазарот, дистрибутерот мора **да потврди** дека производителот, ако е применливо, ги исполниле своите обврски според GPSR. Оваа верификација вклучува осигурување дека производот има:
  - Тип, серија, сериски број, или друг идентификатор.
  - Името на производителот, регистрираното трговско име или трговска марка, поштенската адреса и електронската адреса.
  - Јасни инструкции и информации за безбедност на јазик лесно разбирлив за потрошувачите во земјата членка каде што производот е достапен. Барањето за инструкции може да се укине ако производот може безбедно да се користи без нив.
  - Ова е пред сè формална верификација, што значи дека дистрибутерите проверуваат за

присуство на овие детали, наместо за нивната суштинска точност.

- **Непласирање на опасни производи**: Опасен производ е секој производ што не ги исполнува безбедносните барања дефинирани во поглавје IV. Дистрибутерите не смеат да пласираат производите на пазарот ако имаат причина да веруваат дека производот не ги исполнува општите безбедносни барања или е опасен. Тие мора **да го информираат производителот или увозникот**, како и релевантните **органи за надзор на пазарот** преку Safety-Business-Gateway, без непотребно одлагање.

- **Услови за складирање и транспорт**: Дистрибутерите се одговорни да осигураат дека овие услови не ја загрозуваат безбедноста на производот.

- **Внатрешни процедури за безбедност на производот**: Дистрибутерите мора да гарантираат дека имаат соодветни внатрешни процедури за одржување на безбедноста на производот во текот на нивното работење.

- **Соработка и корективни мерки**: Дистрибутерите мора да соработуваат со органите за надзор на пазарот и со производителот за да ја обезбедат безбедноста на производот. Ако дистрибутерот утврди дека производот е опасен, мора да го информира производителот или увозникот и да обезбеди преземање на потребните корективни мерки. Овие мерки можат да вклучуваат отстранување на производот од продажба (и онлајн и офлајн) и негово повлекување од пазарот. Тие исто така мора да го пријават ова до Безбедносната-Бизнис-Порта (Safety-Business-Gateway)

- **Комуникациски канали и управување со жалби**:
    - Дистрибутерите мора да проверат дека производителот воспоставил **јавно достапни комуникациски канали** (на пр. телефон, електронска адреса или веб-страница) преку кои потрошувачите можат да поднесат жалби и да пријавуваат несреќи или безбедносни проблеми поврзани со производот.
    - Ако производителот не воспоставил такви канали, **дистрибутерот мора сам да воспоставибарем еден од нив.** .
    - Тие мора да водат внатрешен **регистар на поплаки**, повлекувања на производи и корективни мерки, и да ги комуницираат резултатите до производителот, другите дистрибутери и онлајн пазарите.
    - Дистрибутерите исто така се обврзани да пријавуваат **несреќи поврзани со производот** на производителот, овозможувајќи им да ги исполнат своите сопствени обврски за пријавување на квалификувани несреќи (оние што водат до смртни случаи или сериозни негативни здравствени последици).

- **Задржување на техничка документација**: Иако производителите главно се одговорни за задржување, дистрибутерите мора да можат да обезбедат сите потребни информации и документација за да докажат сообразност на производот доколку тоа го побараат органите за надзор на пазарот.

- **Повлекувања на производи и предупредувања за безбедност**: Видете го Поглавје VIII за детални процедури за повлекување.

Ако исполнувате повеќе улоги (на пр. увозник и дистрибутер), мора да ги исполните барањата за сите одделно.

# VI. Следливост и етикети-рање

